РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 01-462/1 Скопје,Shkup,Skopje 23. 12 2024година/viti/year

Врз основа на член 34 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по заклучокот од 38 седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 27, одржана на 10 декември 2024 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на __.__.2024 година донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, а во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Националната стратегија на спречување на корупцијата 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, го донесе овој Годишен план за спречување па корупција. Годишниот план за спречување на корупција има за цел да ја зголеми институционалната отпорност на корупција и да воспостави механизам за контрола и превенција на појавата на корупција.

Во Годишниот план е даден краток преглед на улогата на Агенцијата во борбата против корупцијата, профил на Агенцијата како и нејзините надлежности. Понатаму, Планот содржи идентификувани ризични области подложни на корупција во рамките на делокругот на работењето на Агенцијата, Акциски план и негова операционализација.

## ВОВЕД

Систематско градење на општество кое се темели врз транспарентност и отвореност на институциите е најодржливиот пристап во превенцијата и борбата против корупција на национално ниво. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, има клучна улога во заштитата и остварувањето на правото на слободен пристап до информации, како и за промоција и поттикнување на транспарентноста и отчетноста на институциите. Транспарентноста влијае обратнопропорционално на корупцијата, односно зголемувањето на транспарентноста и пристапот до информации имаат влијание врз намалувањето на корупцијата на национално ниво.

Преземањето на активности за спречување на корупцијата од страна на Агенцијата ќе се разгледува од два аспекта:

- Екстерен аспект, односно што може да направи Агенцијата за спречување на корупцијата на национално ниво во однос на дејноста од јавен интерес;

- Интерен аспект, односно кои мерки ќе ги преземе Агенцијата за да превенира и спречи корупција одвнатре во рамките на самата институција;

➢ Во однос на првиот аспект, активностите кои ги презема Агенцијата се дефинирани во:

- Акцискиот план 2023-2026 година на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, во која Агенцијата е носител на активностите за исполнување и реализирање на посебната цел 3.4.: „Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво" со дефинирани мерки преку кои активностите ќе бидат спроведени и реализирани;

-Акцискиот план на Стратегијата на Агенцијата за 2021-2025 година, во кој дефинираните активности за исполнување на стратешките цели „Олеснување на примената на правото за пристап до информации од јавен карактер" и „ Зголемување на ефикасноста и ефективноста на имателите на информации од јавен карактер за остварување на правото на слободен пристап до информации, придонесуваат за зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите.

➢ Во однос на вториот аспект, Агенцијата го подготви овој Годишен план за проценка на ризици од корупција, кој претставува основа за утврдување и дефинирање на ризичните области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокруг на работење, како и идентификување на конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција.

# 1.ЗА АГЕНЦИЈАТА

Мисија

**Континуирано спроведување, промоција и заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во насока на зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите и олеснување на пристапот до информациите од јавен карактер.**

Визија

**Институционална препознатливост на Агенцијата како кредибилен афирматор и заштитник на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (понатаму во текстот: Агенција) е самостоен и независен државен орган, кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019). Согласно законските надлежности дефинирани во член 30 од Законот, Агенцијата ги врши следните работи:

-Води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите;
-Се грижи за спроведување на одредбите од овој закон, подготвува и објавува листа на иматели на информации;
-Дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободниот пристап до информации,

-Развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите;

-Води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон;

-Презема активности на планот на едукација на имателите на информации од јавен карактер;

-Соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;

-Подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија;

-Извршува работи на меѓународна соработка;

-Врши промоција на правото на слободен пристап и

-Врши други работи согласно Закон;

## 2.ИДЕНТИФИКУВАНИ ОБЛАСТИ ПОДЛОЖНИ НА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Врз основа на проценка на факторите кои влијаат во работењето на Агенцијата, со годишниот план се утврдени 5 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Индивидуален и институционален интегритет
- Унапредување на квалитетот на работа во Агенцијата
- Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи
- Јавни набавки
- Спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија

Преку Акцискиот план кој следува во продолжение, ќе се даде преглед на конкретно планирани активности и начинот на нивна операционализација, динамика на нивна реализација, носители и финансиски импликации за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

## 3.АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2024

| **Област 1: Индивидуален и институционален интегритет** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | -Раководители на организациони единици<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | Нема |
| Професионален развој на вработените и развој на култура на континуирано учење | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба | -Раководители на организациони единици<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | Нема |
| Посветеност на високото раководство во креирање на морална и организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | -Раководители на организациони единици<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | Нема |
| **Област 2: Унапредување на квалитетот на работа во Агенцијата** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| Почитување на стандардите согласно сертификацијата ИСО 9001:2015 | Примена на процедурите за работните процеси во Агенцијата и следење на постапувањето на вработените по истите | Овластено лице | Континуирано | Нема |
| Овозможување на целосна | Редовно одржување на | -Сектор за управно-правни и | Континуирано | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| функционалност на системот за управување со документи (DMS system) | системот за управување со документи | општи работи<br>-Одделение за ИКТ - информатички и комуникациски технологии | | |
| **Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| Јакнење на позицијата на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Агенцијата | Создавање услови за извршување на неговите обврски според прописите за јавна внатрешна финансиска контрола | Овластено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама и корупција | Континуирано | Нема |
| Соодветна примена на Законот за зашита на укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи, како и известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Нема |
| Подигнување на свеста на вработените во Агенцијата за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Запознавање на вработените во Агенцијата со Законот за заштита на укажувачите и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Нема |
| **Област 4: Јавни набавки** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
| Зајакнување на интегритетот во јавните набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на Кодексот на однесување при спроведување на јавните | Сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Континуирано | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | | | |
| | Спроведување на сеопфатни периодични анализи од спроведените јавни набавки вклучувајќи ги сите фази од процесот на јавните набавки со мерки за подобрување | -Лице за вршење работи од областа на јавните набавки<br>-Одделение за финансиски прашања<br>-Одделение за правни и општи работи | Крајот на 2024 година | Нема |
| | Професионален развој и континуирана едукација на вработените учесници во процесот на јавни набавки | Сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Континуирано | Има |

**Област 5: Спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија**

| **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|
| Спречување на влијание врз членовите на Прекршочната комисија која одлучува по прекршоци во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Пријавување обид за влијание врз членови на Прекршочната комисија (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи) | Сите назначени членови на Прекршочната комисија | Континуирано | Нема |
| Спречување на влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки при спроведување на постапките за јавни набавки | Пријавување обид за влијание врз членови на Прекршочната комисија (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи) | Сите назначени членови на Комисиите за јавни набавки | Континуирано | Нема |
| Спречување на влијание врз административните службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по Жалби | Пријавување обид за влијание врз административните службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по Жалби (до овластеното | Административни службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по Жалби<br>Раководители на | Континуирано | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | лице за прием на пријави од укажувачи) | организациони единици кои постапуваат по Жалби<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | | |
| Спречување на злоупотреба од страна на административните службеници кои постапуваат при изготвување Решенија со кои се одлучува по Жалби во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Пријавување обид за злоупотреба од страна на административните службеници кои постапуваат при изготвување Решенија со кои се одлучува по Жалби (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи) | Сите вработени во Агенцијата<br>-Раководители на организациони единици кои постапуваат по Жалби<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | Нема |

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**